# П Р О Т О К О Л

## за утврдување и постапување на Стоматолошка комора на Македонија, членовите на испитна комисија, кандидатите за полагање на стручен испит и вработените во Комората при изведување на стручен испит за доктори на стоматологија

- одобрен од Комисија за заразни болести -

Со протоколот се утврдуваат правата и обврските на членовите на испитна комисија, кандидатите кои полагаат стручен испит и вработените во Комората при изведување на стручниот испит за докторите на стоматологија кој се изведува согласно Правилник за составот на испитната комисија, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на проверката на стручните знаења и вештини и обрасците на уверението за положен стручен испит на здравствените работници со високото образование од областа на стоматологијата *(Сл.Весник бр. 148 од 04.06.2020 година*).

Полагањето на стручниот испит во просториите на Стоматолошка комора на Македонија (во понатамошниот текст (Комора) се врши по овие мерки:

**I**

**1.** Комората задолжително определува лице кое ќе се грижи за почитување на Протоколот

**2.** Средство за дезинфекција на обувките (дезобариера) и рацете задолжително се поставува на влезот од Комората.

**3.** Во Комората на влезот и во влезната просторија, на видно место се поставуваат јасни графички и пишани упатства (едукативно-информативни материјали) за однесување на кандидатите во просториите на Комората, односно за почитување на заштитните превентивни мерки како што се дезинфекција на обувки, носење заштитни маски, одржување на физичко растојание, дезинфекција на раце, правилна респираторна хигиена.

**4.** Кандидатите при влегување во просториите на Комората задолжително влегуваат со заштитна опрема за уста и нос.

**5.** При влегување на кандидатите во просториите на Комората, лицето определено од Комората е задолжено да :

- пополни епидемиолошки прашалник со податоци кои ќе ги даде кандидатот
- пристапи кон мерење на телесна температура на кандидатот

Доколку кандидатот нема видливи симптоми (кивање, кашлање, покачена температура и сл) и нема епидемиолошки податоци кои укажуваат на можна КОВИД 19 инфекција, се упатува неговите лични предмети (мобилен телефон, чанта и сл.) ги одложи на место подготвено за таа намена, по што пристапува на миење на рацете (најмалку 20 - ина секунди), дезинфицирање со алкохолен дезифециенс и ставање на еднократни ракавици.
За целото време додека кандидатот е во просториите во Комората должен е да ги носи заштитната маска и ракавици.
По завршување на испитот кандидатот ги фрла заштитните еднократни ракавици на место определено за тоа.

**6.** Истиот протокол е задолжителен и за сите членови на испитната комисија, вработените во Комората и останатите лица, доколку се неопходни за техничко информатичка поддршка за спроведување на испитот.

**7.** Отпадот кој ќе остане по заминување на кандидатите се третира како медицински отпад.

**II**

**1.** Стручниот испит се состои од два дела и по правило се изведува во два дена:

**А. Прв, теоретски дел, кој се состои од тест, кој се полага во електронска форма и со кој се проверува теоретското знаење на кандидатот**

Првиот дел на стручниот испит се полага во просторија, посебно опремена за полагање на испитот со материјално-техничка и информатичка опрема и интернет врска.

- За првиот дел од испитот Комората постапува или ги реди масите/клупите за полагање во просторијата/салата определена за таа намена, така што ќе се овозможи најмалку 2 метри оддалеченост помеѓу присутните во просторијата, односно кандидатите (најмногу до 3 кандидати) при што на секое место се поставува средство за дезинфекција.

По положувањето на првиот дел од стручниот испит кандидатот се упатува на полагање на вториот, практичниот дел од стручниот испит.

**Б. Втор, практичен дел со кој се проверува способноста на кандидатот за примена на стекнатото теоретско знаење во практика**

Вториот дел на стручниот испит се полага по правило наредниот ден, односно најдоцна за пет дена од денот на одржувањето на првиот дел на стручниот испит.

- Практично - усмениот дел на стручниот испит се одвива во посебно определената просторија на Комората каде претходно се означуваат местата на кои е дозволено седењето на членовите на испитната комисија и кандидатите со почитување на меѓусебното растојание како помеѓу кандидатите, така и помеѓу членовите на испитната комисија со задолжително поставување на средство за дезинфекција, со цел да се обезбеди почитување на општите мерки за повисоко ниво на лична и општа хигиена.
- За практично - усмениот дел од испитот, се регулира редоследот на влегување на кандидатите еден по еден помеѓу секој термин. Во распоредот за полагање на усмениот дел од испитот, потребно е да има пауза во траење од најмалку 10-20 минути, при што е задолжително дезинфицирање и проветрување на просторот.

За време на паузите се забранува/не е дозволено групирање на присутните, односно на кандидатите во просториите Комората.

**2.** По завршување на испитите, потребно е просториите да се исчистат (особено работната површина на која се работело) и да се дезинфицира подот со средство кое делува на вируси според упатство од производителот, алтернативно може да се користи натриум хипохлорит (варакина - белило за домаќинство кое се користи во размер 1:100) или 70% алкохол за дезинфекција за горни површини.

**3.** Во Комората е потребно редовно и зачестено одржување на хигиената на тоалетите со задолжително водење на евиденција за спроведеното чистење и употреба на горенаведените дезинфекциони средства.

Стоматолошка комора на Македонија